Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 18 став 1 и став 3 од Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/10, 136/11, 144/14, 149/15 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/22) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден __.04.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандат на членовите во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес:

   - д-р Жарко Манасков, доктор по медицина;
   - д-р Снежана Петрова, специјалист по хигиена;
   - д-р Родна Јорданова, специјалист по медицина на трудот,
   - д-р Лилија Чолакова Дервишова, специјалист по семејна медицина и
   - д-р Весна Маркова.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.01.2022 година донесе Решение за разрешување и именување членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес со арх.бр.25-555/22 од 01.02.2022 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/22) со кое се именуваат: д-р Жарко Манасков, доктор по медицина, д-р Снежана Петрова, специјалист по хигиена, д-р Родна Јорданова, специјалист по медицина на трудот, д-р Лилија Чолакова Дервишова, специјалист по семејна медицина и д-р Бојан Тодоровски, специјалист епидемилог, претставник од Центарот за јавно здравје.

На седницата одржана на ден 12.04.2022 година, Советот на општина Велес донесе Решение за разрешување и именување членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес со арх бр.25-1980/30 од 13.04.2022 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.6/22) со кое се разрешува д-р Бојан Тодоровски и се именува д-р Весна Маркова.

Согласно член 18 од Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/10, 136/11, 144/14, 149/15 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/22): (1) „Единиците на локалната самоуправа на своето подрачје формираат совет за јавно здравје“ и (3) „Советот од ставот (1) на овој член се состои од пет члена од кои четири члена се претставници на општината и еден член претставник од центарот кој го покрива подрачјето на општината од областа на јавното здравје“, а во врска со точка 3 од Решение за разрешување и именување членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес со арх.бр.25-555/22 од 01.02.2022 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/22): „Мандатот на членовите е четири години, со улога да ги проучуваат прашањата и политиките во областа на јавното здравје, да изготвуваат мислења и да даваат иницијативи и предлози до органите и општината“, четири (4) годишниот мандат на именуваните членови им престанува.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје („Службен весник на РМ" бр.22/10, 136/11, 144/14, 149/15 и 37/16) и член 45 од статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 14/15, 15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес, на седница одржана на 12.04.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување и именување член во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес**

1. Д-р Бојан Тодоровски се разрешува од член во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес.

2. За член во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес се именува:

- Д-р Весна Маркова

3. Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1980/30
13.04.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.106**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за именување на претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес**

Се објавува Решението за именување на претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.04.2022 година.

Број 08-2000/30
14.04.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ" бр. 36/04.......83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21), член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" 12/06, 3/09, 18/10, 15/14,15/18 и 06/19), а во согласност со Уредбата за начинот на работа на Комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи („Сл. весник на РМ" бр. 98/05, 152/10, 90/165 и 194/19),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување и именување претседател и членови на Комисија за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес**

1.Советот на Општина Велес разрешува и именува претседател и членови на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес и тоа:

од претседател се разрешува: Горан Ѓорѓиев

за претседател на Комисијата се именува: Антонио Трајковски

2. Од членови на Комисијата се разрешуваат:

-Миле Нацев и Анѓел Димов –членови на Советот и Тања Карова, Наташа Вчкова, Зоран Ивковиќ, Миле Ѓуриќ, Драган Стојанов, Антонио Трајковски и Душко Ќумбев.

За членови на Комисијата се именуваат:

- Игор Стојанов
- Менсур Бачевац членови на Советот на Општина Велес;
- Пепи Димков
- Ангел Димов
- Наташа Милошевска

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување и именување членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес**

1. Од членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес се разрешуваат:

- Д-р Анастасија Јованова
- Д-р Ненад Коциќ
- Д-р Катица Николова
- Драги Ртоски
- Габриела Тодорова

2. За членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес се именуваат:

- Д-р Жарко Манасков доктор по медицина,
- Д-р Снежана Петрова специјалист по хигиена,
- Д-р Родна Јорданова специјалист по медицина на трудот и
- Д-р Лилија Чолакова Дервишова специјалист по семејна медицина,
- Д-р Бојан Тодоровски специјалист епидемиолог, претставник од Центарот за јавно здравје

3. Мандатот на членовите е четири години, со улога да ги проучуваат прашањата и политиките во областа на јавното здравје, да изготвуваат мислења и да даваат иницијативи и предлози до органите и општината.

4. Именуваните членови на своја седница си избираат претседател согласно Деловник за работа на Советот за јавно здравје.

5. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-555/22
01.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Бр.22**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ „Лирија"с. Бузалково**

Се објавува Решението за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ „Лирија"с. Бузалково, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.01.2022 година.

Број 08 – 592/22
02.02.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 26 став 4 од Законот за основното образование („Сл. Весник на РМ" бр.161/19, 229/20 ), член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 13/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.01.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање позитивно мислење на Статут на ООУ„Лирија"с.Бузалково Велес**

1.Со ова Решение се дава позитивно мислење на Статутот на ООУ „Лирија" с.Бузалково Велес бр. 04-106/2, донесен со Одлука бр.04-106/1 од 05.01.2022 година, од страна на Училишниот одбор на ООУ „Лирија" с. Бузалково Велес на седницата одржана на 05.01.2022 година.

**Бр.260**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за именување членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес**

Се објавува Решението за именување членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 07.11.2017 година

Број 08-4766/27
08.11.2017година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје („Службен весник наРМ“ бр.22/10,136/11, 144/14, 149/15 и 37/16), и член 45 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седница одржана на 07.11.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес**

1.За членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес се именуваат:

- д-р Катица Николова,
- д-р Ненад Коциќ,
- Драги Ртоски
- Габриела Тодорова претставници на општината и
- д-р Анастасија Иванова,претставник од центарот.

3.Мандатот на членовите е 4 години и имаат задача да ги проучуваатпрашањата и политиките во областа на јавното здравје, да изготвуваатмислења и да даваат иницијативи и предлози до органите на општината.

4. Именуваните членовите на својата седница, си избираатпретседател согласно Деловник за работа на Советото за јавно здравје.

5.Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4763/27
08.11.2017год.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

**Бр.261**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за разрешување и именување преставник на Општина Велес за член во Училишен одбор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување преставник на Општина Велес за член во Училишен одбор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 07.11.2017 година

Број 08-4766/29
08.11.2017година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 124, став 2 и 3 од Законот за основното образование („Сл.весник на РМ“ бр. 103/08......30/16) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 07.11.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор на Општинското основно училиште„Васил Главинов“ Велес**

1.Бобан Пановски претставник на Општина Велес се разрешува од должноста член на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес.